MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION
PEDIATRIC ASSOCIATION OF MACEDONIA

For your child safety

**ЗАПИСНИК**

Од состанокот на управниот одбор на Здружението на Педијатрите на Македонија одржан на ден 05.12.2008 година во Реплек - (ресторан „Ден и ноќ“)

Присутни беа повеќето членови на Управниот одбор, а истиот го водеше потпретседателот на Здружението н.сор.др.сци. Александар Сајковски.

На почеток на состанокот Д-р Сајковски презентираше како се довиваат подготовките за Симпозиумот “Новини во Педијатријата 2009”, дека истиот ќе се одржи во хотелот “Холидеј ин” на 27 и 28.03.2009 година. Како генерален спонзор ќе се појави Алкалоид-Скопје, а професионален конгресен организатор агенцијата “Diplomatic travel service” од Скопје. За оваа точка се дискутираше во смисол на поддршка на досегашните активности и потреба од интензивирање на подготовка на книгата на трудови.

Како втора точка на дневниот ред беше поставена потребата од изработка на Web страна на нашето здружение. Идеата беше едногласно прифатена, дотолку повеќе што на еден од претходните состаноци (одршан во просториите на Реплек фарм) истата идеја беше акцептирана. Беа дадени повеќе предлози за структурата на њеб странатa, нејзината изработка и финансиската конструкција.

Како трета точка беа анализирани реформите во примарното здравство и од повеќе дискутанти беа истакнати моменталните состојби и проблемите со кои се сретнува позицијата на педијатарот во примарната здравствена заштита. Беше истакната потребата од средба со новиот Министер за здравство Д-р Бујар Османи.

*Изработил:*

*Д-р Илија Тимовски*

MEDICAL FACULTY
University Pediatric Clinic
Vodnjanska 17, 1000 Skopje